МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 45-340/6
Датум: 04.07.2023
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РСМ" бр. 32/20), Градоначалникот на Општина Карпош го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на Повторена Јавна презентација и Јавна анкета по Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССЗ 01, Блок 6, Општина Карпош – Скопје.

Повторената Јавна анкета по Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССЗ 01, Блок 6, Општина Карпош – Скопје, ќе се одржи од 21.07.2023 година до 04.08.2023 година, секој работен ден, од 7.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Повторената Јавна презентација за заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат и широката јавност, претставниците на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат по Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССЗ 01, Блок 6, Општина Карпош – Скопје ќе се одржи на 26.07.2023 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош-Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на Блок 6 а согласно Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт ССЗ 01, и тоа на следниот начин:

- на северозапад по осовина на сервисна улица „1605" ( "С1"),
- на североисток по осовина на сервисна улица „Скупи 20" ("С3"),
- на југоисток по осовина на сервисна улица "С2",
- на југ по реката Лепенец.

Површината на урбаниот опфат изнесува 15.699ха.

Анкетните листови за учество во Повторената Јавна анкета ќе бидат достапни во просториите на Општина Карпош, Скопје. Соопштението за организирање на Повторената Јавна Презентација и Јавна анкета, Графичкиот приказ за Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССЗ 01, Блок 6, Општина

Карпош – Скопје и подетални информации за истите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски